| Пополнување скала за надареност од страна на соучениците во одделенијата во кои индентификувани се ученици со надареност или талентираност | Со ученици | ноември |
| Работа со овие групи ученици | Психолог<br>Педагог<br>Наставници | континуирано |
| Континуирано вклучување на овие деца во организирање културни манифестации и натпревари | Психолог<br>Педагог<br>Наставници | континуирано |
| Пофалби и награди на овие ученици кои во текот на годината се истакнале и придонеле за презентирање на училиштето од повеќе | Наставници, стручни тела и органи во училиштето и надвор од неа | континуирано во текот на годината и на крајот на годината на денот на доделување на свидетелства |

| | | |
|---|---|---|
| области, и тоа: резултати во учењето, натпревари во учењето, спортски натпревари, ликовни и литературни конкурси во училиштето и вон него | | |
| Соработка со родителите<br>-информирање на родителите за вклученоста на учениците во додатни активности<br>-информирање за постигнатите резултати | Педагог<br>Психолог<br>Наставници | во текот на годината |
| Претставување  успех на учениците пред наставниците и родителите | Директор<br>Педагог<br>Психолог<br>Наставници<br>Ученици<br>Родители | јуни |

**8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби:**

Врз основа на член 16 а во врска со член 11 од Законот за основно образование ( „Службен весник  на РСМ“ бр.161/2019 година и член 76 од Статутот на ООУ „Братство“ - Скопје, општина Карпош, директотот на ООУ „Братство“ - Скопје, на ден 27.08.2024 година донесе одлука за формирање  Училишен Инклузивен тим за учениците со ПОП. Основна цел на училишниот инклузивен тим е да се грижи за инклузивните практики и политики на ниво на целото училиште како и во изработка на ИОП и модифицирана наставна програма.

Училишниот инклузивен тим е составен од следните членови: Јадранка Поповски – Директор, Азра Зеќири - специјален едукатор и рехабилитатор, Себахат Сулејмани Мустафа – психолог, Зорица Тренеска Оклеска - одделенски наставник, Адурим Љута - наставник по историја, Емилија Јовановиќ – родител и Ангелина Танески – родител. Во нашето училиште имаме 17 ученици со ПОП кои ја следаат наставна програма според ИОП/Модифицирана програма, и тоа: 2 ученика во прво одделение, 4 ученика во второ одделение, 3 ученика во третто одделение, 2 ученика во шестто одделение, 2 ученика во седмо одделение, 1 ученик во осмо одделение и 3 ученика следат настава со општа поддршка.

Училиштето за секој од овие ученици формира подинклузивен тим кој има улога да следи, модифицира и да ги приспособува веќе постоечките цели според индивидуалните способности на ученикот со ПОП.

| Содржина | Активности | Соработници | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Креирање Политика за работа со ученици со посебни образовни потреби | Изготвување годишна програма за работа на тимот за инклузија | Стручни соработници Одд.наставници Одд.раководители | август | Успешна реализација на планираните активности |
| Запознавање со бројот на ученици со ПОП, видот и степенот на попреченост. | Разговори со одд.наставници од I одд.и одд.раководители VI одд. | Стручни соработници Одд.наставници Предметни наставници | септември | Преглед и евиденција на учениците и видот на попреченост |
| Индивидуализирање и прилагодување на ставови и содржини согласно способностите на учениците | Изработка на индивидуални образовни планови за работа со учениците со ПОП Диференциран пристап во работата | Одд наставници Предметни наставници Стручни соработници | октомври | Успешна реализација на наставната програма со сите ученици -Континуирано следење на постигањата |
| Следење на степенот на инклузираноста на учениците со ПОП вонастаавно образ процес | Разговор со Наставници, родители и ученици | Одд. наставници Одд.раководите Предметни наставници Стручни соработници | тековно | Подобрување на социјализацијата на овие ученици |
| Следење на индивидуалните постигања на Учениците со ПОП (прв квалификационен период) учење | Евиденција на успехот и редовноста Користење на инструменти за следење и вреднување | Одд. наставници Одд.раководител Предметни наставници Стручни Соработници | ноември | Проценка на Постигањата Ревизија и дополнување на индивидуалниот образовен план Определување на соодветниформи/методи за работа |
| Градење стратегии за учење со примена на индивидуален и диференциран пристап во работењето | Современи консултации, разговори со родителите, одделенски наствници, одделенски рaкововодители и учениците | Стручни соработници, родители, одд.наставници, одд.раководител и предметни наставници | декември | Подобрување на постигањата |
| Следење Индивидуални постигања на учениците со | Евиденција на успехот и редовноста Користење на инструменти | Одд. наставници, одделенски раководители и | јануар и февру ари | Проценка на постигањата Дополнување на индивидуалниот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| посебни потреби (крај на прво полугодие) | за следење и вреднување | стручни соработници | | образовен план Изнаоѓање соодветни форми и методи за работа |
| Подобрување на социјалниот и емоционалниот статус на учениците со посебни образовни потреби | Разговори со учениците на одд.часови Разговори со родителите на родителски и индивидуални средби | Стручни соработници, родители, одделенски наставници, одделенски раководители и предметни наставници | во тек на годината | Развивање позитивни ставови кај учениците кон учениците со посебни образовни потреби Вклучување деца со посебни образовни потреби во локалната заедница |
| Следење индивидуални постигања на учениците со посебни образовни потреби (трет квалификационен период) | Следење успех и редовност Користење инструменти за следење и вреднување | Одделенски наставници Одделенски раководители Стручни соработници | април | Проценка на постигањата и однесувањето Изнаоѓање соодветни форми и методи за работа |
| Изготвување индивидуални инструменти за утврдување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби | Утврдување критериуми За вреднување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби согласно прилагодените индивидуални планови | Одд. наставници Одд.раководители Стручни соработници | мај | Развивање на стратегии за користење на индивидуални инструменти и критериуми при вреднување на постигањата на овие ученици |
| Професионална ориентација на учениците со ПОП | Советување и разговор со родители разговор и советување на ученикот со ПОП | Одд. наставници Одд.раководители Стручни соработници | мај | Правилен избор на занимање (запишување во средно училиште) |
| Соработка со надлежни институции (Завод за ментално здравје, Клиника за детски болести, Завод за слух, говор и глас, Клиника за психијатрија итн.) | Разговор со родители | Одд. Наставници Одд.раководители Стручни соработници | во тек на годината | Помош и поддршка на наставниците, родителите и учениците во процесот на инклузивната работа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Унапредување на воспитно - образовната работа со учениците со ПОП | Спроведување интерни обуки за наставниците за изработка на индивидуалнообразовни планови за учениците со ПОП | Стручни соработници дефектолог | во тек на годината | Повисоки постигања на учениците |
| Евалуација на активностите предвидени со програмата за работа со децата со посебни образовни потреби | -Утврдување на јаки/слаби страни од реализацијата на индивидуалните образовни планови | Стручни соработници Одд. наставници Одд.раководители | јуни | Проценка на ефектите и постигнатоста на планираните цели во воспитно образовниот процес со овие деца |

### 8.14 Туторска поддршка на учениците

Според член 36 од Законот за основно образование (сл. Весник бр.161/2019, 229/20 и 03/25 ) во нашето училиште немаме потреба од тутор/тутори.

### 8.15 План на образовниот медијатор

Според член 37 од Законот за основно образование (сл. Весник бр.161/2019, 229/20 и 03/25 ) во нашето училиште немаме потреба од тутор/тутори.

## 9. ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

### 9.1 Училишни спортски клубови

Училишниот спортски клуб е регистриран на 28.03.2017 година  со одговорни наставници: Татјана Трпезановска, Билјана Нарашанова, Арбреша Асипи, Весна Стојанова и Тина Дишлиевска. Активностите на Училишниот спортски клуб ќе се реализираат со тренажен процес и натпревари со ученици кои ќе се пријават за тренирање одбојка со возраст од трето до деветто одделение. Времето на реализација на тренажниот процес ќе биде два пати седмично. Улогата на Училишниот спортски клуб е поттикнување, омасување на спортот, рекреативноста, развивање и усовршување на системот на натпреварите на училишните екипи и грижа за здравствената заштита на спортистите. Активностите на

учениците ќе им се понудат во месец септември 2025 година и спортскиот клуб ќе се финансира со членарина, донации, спонзорство и со помош на локалната заедница.

### 9.2 Ученички акции

Одговорниот тим на одделенски и предметни наставници во текот на учебната година ќе се организираат хепенинзи, еколошкии и хуманитарни акции кои ќе бидат инклузивни и недискриминативни, достапни за сите ученици без оглед на полот/родот, етничката припадност, способностите, социо – економскиот статус, здравствената состојба и училишниот успех.

## 10. Ученичко организирање и учество

Во ученичкиот парламент членуваат ученици од шесто до деветто одделение и тоа од секоја паралелка по двајца претставници. Ученичкиот парламент има ученички правобранител и заменик ученик правобранител. Потребните материјали и средства се добиваат од училиштето.

**Програма на ученички парламент**

| **Цели и задачи** | **Активности** | **Време на реализација** | **Носители на активности** |
|---|---|---|---|
| Избор на членови во Ученички парламент и негово конституирање (претседател и заменик претседател) | Разговор за критериумите за избор, гласање за предложените ученици | септември | Претседатели на ученичките заедници |
| Изработка на програма за активностите | Осмислување на работата на ученичкиот парламент<br>Изготвена програма за активностите | октомври | Претставници на Ученички парламент<br>Педагог<br>наставник |
| Разгледување на успехот, поведението и редовноста на учениците<br><br>Истакнување потреба од помош на учениците кои послабо го владеат наставното градиво (инструктивна настава) | Известување за успехот на учениците<br><br>Постигнување подобар успех | ноември | Претставници на Ученички парламент<br>Педагог<br>Наставници по историја и граѓанско образование |

| | | | |
|---|---|---|---|
| „Имам став“ | Симулација на парламентарна дебата | декември | Претставници на Ученички парламент<br>Педагог<br>Наставници по историја и граѓанско образование |
| Организирање кампања на тема „Со образование против дискриминација“ | анкета за ученици од шесто до деветто одделение | јануари | Претставници на Ученички парламент<br>Педагог<br>Наставници по историја и граѓанско образование |
| Изготвување леток и пароли на тема „Со образование против дискриминација“ | Дистрибуирање на летокот до Совет на општина Карпош | февруари | Претставници на Ученички парламент<br>Педагог<br>Наставници по историја и граѓанско образование |
| Осмислување  час „Дискриминација“ | Осмислениот час секој претседател на одделенскиот час го реализира во својата паралелка | март | Претставници на Ученички парламент<br>Педагог<br>Наставници по историја и граѓанско образование |
| Дебата на тема „Подобрување на оценувањето“ | Дебатирање за подобрување на оценувањето | април | Претставници на Ученички парламент<br>Педагог<br>Наставници по историја и граѓанско образование |
| Врсничко насилство | Со ученички активизам против врсничко насилство | мај | Претставници на Ученички парламент<br>Педагог<br>Наставници по историја и граѓанско образование |
| Изготвување годишен извештај за работата на Ученичкиот парламент | Дискусија | јуни | Претставници на Ученички парламент<br>Педагог |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Наставници по историја и граѓанско образование |

Забелешка: Во текот на учебната 2025/26г. активностите ќе има можност да претрпат измени согласно потребите на учениците.

**Ученикот Правобранител**

Се избира од страна на Ученичкиот парламент за да ги промовира и штити правата на учениците, да препознава повреда на детските права во рамките на училиштето и да ги пријави сите случаи на повреда до надлежните служби во и вон училиштето.

Задачата на ученичкиот правобранител за промовирање на детските права ќе се реализира преку различни активности ( едукативни работилници, дебати и сл.).

Реализацијата на овие активности ќе биде потпомогната од страна на стручната служба во училиштето.

Втората задача на правобранителот е поддршка за заштита на детските права и информирање на учениците во училиштето.

Ученикот правобранител препознава прекршување на детските права и собира поплаки од учениците.

Понатаму правобранителот ги доставува поплаките до стручната служба за натамошно решавање. Ученикот правобранител има редовни месечни состаноци со стручната служба на училиштето. Правобранителот редовно учествува во работата на ученичкиот парламент.

## ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

### 11.1 Екскурзии, излети и настава во природа

Поради проширување и продлабочување на знаењата на учениците, како и поради остварување активности на учениците со забавен и рекреативен карактер, во текот на учебната 20225/2026 година во нашето училиште ќе се организираат следниве излети и екскурзии:

- Еднодневен есенски и еднодневен пролетен излет;
- Еднодневна екскурзија со ученици од III одделние;
- Настава во природа со ученици од V одделение;
- Дводневна екскурзија со учениците од VI одделение;
- Тридневна научна екскурзија со учениците од IX одделение;

Тимот за изработка на програмата за екскурзии, излети, настава во природа и други вонучилишни активности е: наставник по физичко и здравствено образование на македонски наставен јазик – раководител на тимот и одделенските раководители на

паралелките од III - 1, III - 2, III - 3, III - 4, V - 1, V - 2, V - 3, V - 4, VI - 1, VI - 2, VI - 3, IX - 1, IX - 2, IX - 3 и IX - 4 одделение.

**Податоци за учениците вклучени во вонучилишните активности е претставен во табела**

| Вид на екскурзија | Целна група | Временски период | Време на траење | Релација | Одговорни лица |
|---|---|---|---|---|---|
| Излет | сите ученици | есен (септември / октомври) | еден ден | во блиската околина | сите наставници |
| Излет | сите ученици | пролет (мај / јуни) | еден ден | во блиската околина | сите наставници |
| Општ воспитно – образовен карактер | учениците од III одделение | мај | еден ден | по договор | одделенски раководители |
| Општ воспитно – образовен карактер | учениците од V одделение | април / мај | три дена | низ Македонија | одделенски раководители |
| Општ воспитно – образовен карактер | учениците од VI одделение | април / мај | два дена | низ Македонија | одделенски раководители |
| Општ воспитно – образовен карактер | учениците од IX одделение | април / мај | три дена | низ Македонија | одделенски раководители |

Излетите и екскурзиите со трето, петто, шесто и деветто одделение ќе се реализираат согласно Правилникот за изведување на екскурзии.

Во текот на учебната 2025/2026 година се планираат и следните посети:

Посета на детски музички фестивал „Златно славејче“ – ученици од I до V одделение
Посета на детска театарска претстава во Театар за деца и младинци и во Театар на народности – ученици од I до V одделение
Посета на детска балетска претстава во Национална опера и балет – ученици од I до V одделение
Посета на Ботаничка градина
Посета ЗОО и Природно - научен музеј од I до V одделение
Посета на театарка претстава во Македонски народен театар и Театар на народностите – ученици од V до IX одделение
Посета на кино претстава – ученици од I до IX одделение
Посета на Зоолошка градина – ученици од I до V одделение
Посета на Саем на книгата – ученици од V до IX одделение
Посета на Археолошки музеј – ученици од V до IX одделение
Посета на Изложбен центар Матка - ученици од V и VIII одделение
Посета на Драмски театар - ученици од VI до IX одделение

Посета на Спомен куќата на Мајка Тереза – ученици од V до IX одделение
Посета на Меморијален центар на холокаустот – ученици од VI до IX одделение
Посета на Парламентарен институт - ученици од VI до IX одделение
Посета на општина Карпош – ученици од IV и V одделение
Посета на археолошки локалитет „Тумба Маџари“ - ученици од IV и V одделение
Посета на Собрание на Македонија – ученици од V одделение
Посета на Спомен куќа на Кочо Рацин - Велес - ученици од VI до IX одделение

**12. Натпревари за учениците**

**ПЛАН**

- Планирано реализирање училишни натпревари по наставни предмети од IV до IX одд.
- Истакнување на планот на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари.
- Планирани активности во додатната настава со која учениците ги продлабочуваат своите знаења и вештини и се стекнуваат со пошироки сознанија.

- Навремено информирање за одржување училишните натпревари непосредно пред нивно спроведување.

- Спроведување натпревари.

- Истакнување резултати.

- Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг.

**ПРОПОЗИЦИИ**

- Ученикот има право да се пријави најмногу на три училишни натпревари, односно само на три наставни предмети

- Ученикот во согласност со одговорните наставници се договара на кој натпревар од повисок ранг ќе земе учество

- Наставникот - ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина

**НАЧИН НА ИНФОРМИРАЊЕ**

- Навремено истакнат план на огласна табла според кој ќе се реализираат и спроведуваат училишните натпревари.

- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците;

- Навремено истакнување на резултатите (7 дена по одржаниот натпревар);

- Усна информација за резултатите пред сите учесници во натпреварот;

- Ранг листа да се предаде на одговорниот наставник;

- Да се состави записник од реализираниот училишен натпревар.

**СПРОВЕДУВАЊЕ**

- Да се изготви список кои ученици ќе учествуваат на натпреварот;

- Да се избере комисија од соодветни предметни - одделенски наставници. Комисијата да изготви тест за спроведување училишен натпревар;

- Два дена пред одржувањето на натпреварот да се прочита соопштение на учениците;

- Присуство на комисијата на самиот натпревар.

**АКТИВНОСТИ ЗА ПОДГОТОВКА НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА НИВНО УЧЕСТВО НА ОПШТИНСКИ, РЕПУБЛИЧКИ ИЛИ ДРЖАВНИ НАТПРЕВАРИ**

- Наставникот - ментор да му овозможи на ученикот дополнителни активности и материјали со кои ќе го збогати неговото знаење во соодветната дисциплина и редовно да биде на располагање за појаснување на одредени нејаснотиии на ученикот;

- Секој наставник по соодветниот наставен предмет отвара папка во која се забележуваат подготвителните активности;

- Навремено соопштување и договор околу учеството на другите натпревари од повисок ранг.

**13. Унапредување на мултикултурализмот и меѓуетничка интеграција**

Активностите за промоција на мултикултурализам ќе се реализираат во рамките на Проектот за меѓуетничка интеграција во училиштето. Идејата е размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку взаемни посети на културни и образовни манифестации, празници и фестивали. Односно сакаме да бидеме промотери на еднаквоста, мирот, соживотот и толеранцијата, размена на културните и верските, како и образовните вредности.

Покрај запознавањето на различните етникуми во Македонија, учениците , нивните родители, и наставниците, ќе можат да ги разбијат стереотипите кои владеат на ова поднебје, и заеднички да се придонесе за развој на мултикултурно општество, давајќи свој продонес и учество.

Училиштето соработува со партнер училиштето ООУ „Вера Циривири Трена“ - Карпош, во кое наставата се одвива на македонски јазик. Примарна цел на партнерството е оспособување за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците ќе се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни манифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др.

Цели: Улогата на училиштето е негување и афирмирање на мултикултурата која традиционално отсекогаш коегзистирала на овие простори. Различните култури пожелно е да се потпираат една на друга за обезбедување заедничка егзистенција, а за тоа да се оствари потребно е училиштето/наставниците, како битни креатори на општестовото да ги намалат предрасудите и стереотипите кон другите етникуми, затоа што тие не водат кон сегрегација или коегзистенција со паралелизам, а со тоа и негирање на мултикултурниот дух на нашата татковина која историјата како уникатен филигран го исплела низ вековите. Со интегрирање на МИО преку самостојните активности или преку заедничките наставни и вonнаставни активности, во соработка со партнерското училиште, ние наставниците сме главните архитекти на иднината на нашата татковина.

**АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА МИО ВО ОБРАЗОВАНИЕТО МЕЃУ ПАРТНЕР - УЧИЛИШТАТА ООУ „ВЕРА ЦИРИВИРИ ТРЕНА“ и ООУ „БРАТСТВО“**

Цели: Улогата на училиштето е негување и афирмирање на мултикултурата која традиционално отсекогаш егзистирала на овие простори.

Различните култури пожелно е да се потпираат една на друга за обезбедување заедничка егзистенција, а за тоа да се оствари потребно е училиштето/наставниците, како битни креатори на општестовото да ги намалат предрасудите и стереотипите кон другите етникуми, затоа што тие не водат кон сегрегација или коегзистенција со паралелизам, а со тоа и негирање на мултикултурниот дух на нашата татковина која историјата како уникатен филигран го исплела низ вековите. Со интегрирање на МИО преку самостојните активности или преку заедничките наставни и воннаставни активности, во соработка со партнерското училиште, ние наставниците сме главните архитекти на иднината на нашата татковина.

Членови на тимот: Јадранка Поповски
Марина Хаџипанзова
Афердита Сали
Маја Трајкоска
Адурим Лута
Елеонора Бошковска
Александар Савевски

| Година 2025/2026 | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Временска рамка(месец) | | | | | | | | | | | | | | | Следење | |
| Задача | Активност | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | Носител | Начин на спроведување(ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | Одговорно лице | Потребен буџет |
| Договор за изработка на ГП | Состанок на СИТ-от за изготвување на ГП | | | | | | | | | | | | | СИТ | Прирачници,извештаи и прилози | Дискусија, размена на мислења | Изработка на ГП | СИТ-от | Потрошен материјал |
| Споделување образец табела МИО за сите наставници | Информирање на наставниците за вклучување на МИО во редовната настава | | | | | | | | | | | | | СИТ, наставници | Прилози, образец табела | Дискусија, мејл | Пополнување на образецот | Наставници | Потрошен материјал |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Изготвување на план за заеднички активности вклучени во ГП | Средба со партнер улчилиштето | | | | | | | | | | | | | СИТ на двете училишта | Образец табела | Дискусија, размена на мислења | Изработка на заеднички акционен план | СИТ | Потрошен материјал |
| Приредба | Заеднички активности по повод Детската недела | | | | | | | | | | | | | Наставници и ученици | Приредба (собирање донација) | Договарање, приредба | Успешно спроведена активност | Наставници | Потрошен материјал |
| Одбележување на 21 Септември Меѓународен ден на мирот | Заедничка активност по повод денот на мирот | | | | | | | | | | | | | Наставници и ученици од одделенска настава од ООУ„ Брат | Работилница со уценици | Размена на идеи | Изработка на симболот за мир | Одделенски наставници | Потрошен материјал |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | ство“ | | | | | |
| Реализирање на останатите активности на добиени от гранд од МОН | Онлајн часови по информатика . | | | | | | | | | | | | | СИТОТ од училиштата родители, наставници по информатика | презентација на проект, обработка на Мултиетнички бар кодови | Размена на идеи,дргарување | Формирање на мултиетнички бар кодови | СИТ-от, наставници , родители МОН | Потрошен материјал |
| Еко акција | Заедничка активност за Денот на дрвото | | | | | | | | | | | | | Наставници и ученици | Садење садници | Договорање,работилница | Интегрирани работилници | Наставници | Потрошен материјал |
| Трагање по исти букви во македонската и албанската азбука | Заедничка активност „Мешана азбука“ | | | | | | | | | | | | | Наставници и ученици од одделенска | Наставни ливчиња, проектор | Интегрирани часови | Согледување и трагање по сличности | Наставници | Потрошен материјал |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | настава | | | | | |
| Работилница на ракотворби | Ден на Мартинки | | | | | | | | | | | | | Наставници и ученици од одделенска настава | Наставни ливчиња,проектор,конци | Интегрирани часови | Изработени ракотворби, плетени и алки-плетени и пријателства | Наставници | Потрошен материјал |
| Часови предвидени во планот и програмта за МИО | Различни часови по различни предмети | | | | | | | | | | | | | Наставници, ученици, наставници , Сит од ООУ „Братсво“ | Проектор, наставни ливчиња, | Инегрирани часови | Изработки од ученици, Размена на идеи, подобрување на меѓучовечки односи | Наставници | Потрошен материјал |
| Работилница„Ден на мајката“ | Денот на мајката | | | | | | | | | | | | | Наставници и ученици | Брошури,ИКТ , хартија на боја | Работилница | Согледување на положбата на жената во различ | Наставници, ученици | Потрошен материјал |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | ните култури | | |
| „Со игра до друже-ње без граници“ | Преку трчање, скокање, игра со топка, ритмичка игра, цртање игри без граници | | | | | | | | | | | | | Наст авни ци, учен ици, роди тели | Хартија набои, топки, маички, пијалоци за ученици | Проект | Размена на идеи, дискусија дружење | СИТ од учи-лиштата ,родители и Општина Карпош | Потрошен материал Финансира на од Општина Карпош |
| Работил ница на изработк и на честитки | Културни традиции со верски обреди Велигден и Бајрам | | | | | | | | | | | | | Наст авни ци и учен ици | ИКТ,бои, леп | Проект, работил ница | Стекнува основни познаван верските обреди | Наставниц и | Потрошен материјал |
| „Универз ални јазици“ | Реализира ње на мултикултур ни и интеркулту-рни работилниц и | | | | | | | | | | | | | Наст авни ци, уцен ици | ИКТ, хартија на бои | Проект , работил ница | | Сит од Учили-штата ,,Братство,, и „Вера Циривири Трена“ Општина Карпош | Потрошен материјал |
| Патронат | Прослава - патронат на училиштето | | | | | | | | | | | | | Наст авни ци, учен ици | Апарат, флаери, | Дискуси ја, организ ирање според | Презенти е на сработен ,пред (од општинат | Наставниц и | Потрошен материјал |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | протоко л | ОН) | | |
| Работил ница по повод Меѓунар одниот ден на детето | Игри, цртање, дружење ,пеење | | | | | | | | | | | | | Наст авни ци, учен ици | Хамер, радио, топки, балони на бои | Организ ирање, дискусиј а | Дружење обработк цртежи, | Наставниц и | Потрошен материјал |
| Презента ција и промоциј а | Сумирање на сработенит е активности | | | | | | | | | | | | | Наст авни ци, учен ици | Записници, проекти, ракотворби , фотографи и | Дискуси ја,селек тирање, архивир ање | Презенти е на сработен пред наст.коле , опш совет родители | Наставниц и | Потрошен материјал |

**14. Проекти што се реализираат во училиштето**

1. Интеграција на еколошката едукација во основното образование: Еколошката едукација е интегрирана во наставата и учениците на часовите изучуваат заштита на природата, одговорно однесување кон средината и грижа и справување со отпадни материии. Во редовната настава од I до IX со оваа годишна програма се предвидува и интеграција на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите, наставните содржини и часовите по соодветното одделение. На овој начин постоечките предмети се збогатуваат со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина. Учениците, децата, вработените и пошироката заедница добиваат знаења за конкретните акции кои ги презема училиштето за заштитата на животната средина и реализацијата на Програмата. На ниво на активи се изработуваат планирања со кои се поврзува редовната настава со еколошката програма поделена во девет теми. Секој член на активот кој предава одделен наставен предмет одбира еколошки содржини кои ги поврзува со одредена наставна содржина која е тесно поврзана со еколошката тема, а со тоа и со еколошката содржина. По потреба секој наставник може да додаде еколошки содржини за кои мисли дека би биле важни за наставата.

2. Еколошки проекти во соработка со Друштва и Здруженија на граѓани:
- Пакомак - рециклирање  пластична амбалажа;
- Е-отпад – собирање  батерии;
- Нула отпад - електронски отпад.

3. Меѓуетничка интеграција во образованието
- Размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку взаемни посети на културни и образовни манифестации, празници и фестивали. Проектот се реализира во текот на учебната година според заеднички план со партнер училиштето ООУ „Вера Циривири Трена“ - Скопје.
4. Проект „Холокаустот низ призмата на детските очи“ во соработка со фондот на Холокаустот на Евреите од Македонија и Меморијалниот центар на Холкаустот на Евреите од Македонија.
-  Запознавање на учениците со еврејската култура, традиција, историја и културно наследтсво;

- Хармонија и соживот меѓу народите, подигање на свеста на учениците за меѓусебно почитување и соживот.

5. Училишни иницијативи - Отворен ден за граѓанско обравование

- Проектот се реализира со ученици од осмо и деветто одделние во соработка со БРО, МЦГО и МОФ со цел за поттикнување демократската клима во училиштата - часови без мобилни телефони.

6. Проект Вело - училиште - Еко логик.

7. Подобрување резултати од учењето кај училишните деца во соработка со Институт за социолошки и политичко - правни истаражувања при УКИМ.

8. Пркос - Центар за деца со телесна попреченост.

## 15. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 15.1 Постигнување на учениците

- Постигнувањата на учениците од минатата учебна година е претставен во следнава табела:

| **Време на реализација** | **Организатор** | **Учесници** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 18.10.2024 | Општина Карпош - Литературен конкурс „Приказна од мојата Општина“ | Ученици од II - IX одделение | Калина Чанкуловска, IV - 1 **– втора награда** |
| 28.10.2024 | Општина Карпош - Карпош има талент | Ученици од VI - IX одд. со тим наставници: Лидија Заборска, Дарагана Горковска Гавриловска и Лиридона Сума | **Трето место** за перформансот „Биди ми френд, биди ми брат“ |
| 13.11.2024 | Општина Карпош - Сојуз на борци - литературен конкурс на тема „80 години слободно Скопје“ | Ученици од VI - IX одделение | Петра Мургоска, VIII - 2 - **пофалница** |
| 24.11.2024 | Федерација на училишен спорт на Македонија - Регионален натпревар | Ученик од VI - 1 одд. | **Марко Стојановиќ, VI - 1 - трето местоо** |
| 28.11.2024 | Федерација на училишен спорт на Македонија - Државен натпревар | Ученик од VI - 1 одд. | Марко Стојановиќ, VI - 1 - **трето место** |
| 30.12.2024 | Сојуз на математичари на Македонија | Ученици од I - III одд.со одд.наставници | Дамјан Тасевски, I-1 - **прва награда**<br>Ива Белкоќеска, II-2 - **прва нагрда** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Калина Рибарски, II-2 - **трета награда**<br>Клест Џеладини, II-4 - **трета награда**<br>Јована Наумовска, III-1-**прва награда**<br>Мартина Тегова, III-1 - **прва награда**<br>Јара Исмаили, III-4 - **прва награда**<br>Амар Мустафа, III-4 - **втора награда**<br>Ерзен Салиу, III-4 - **втора награда**<br>Орион Балажи, III-4 - **трета награда**<br>Ерда Рушити, III-4 - **трета награда** |
| 24.01.2025 | Општински натпревар по биологија | Ученици од VII, VIII и IX одд.со ментор наставник по биологија Весна Ѓорѓиевска | Марија Марцетиќ, VIII-1,-,**прва награда**<br>Изабела Диков, VIII-1 - **втора награда**<br>Каја Јовановски, VIII-1 - **втора награда**<br>Матеј Цветковски, IX-1 - **втора награда**<br>Теодор Цикарски, IX-1 - **втора награда**<br>Мила Ѓоргиева, VII-2 - **трета награда**<br>Нина Каламадевска, VIII-2 - **трета награда**<br>Теа Ангелиќ, VIII-2 - **трета награда**<br>Благој Цветковски, IX-1 - **трета награда**<br>Елена Зафирова, IX-2 - **трета награда** |
| 31.01.2025 | Општински натпревар по математика | Ученици од IV - IX одд. со ментори наставници од одд. настава и предметна настава | Максим Каранфиловски, IV-1 **- прва награда**<br>Диар Рашиди, IV-4 - **прва награда**<br>Јорика Џеладини, IV-4 - **прва** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **награда**<br>Рона Џелили, V-2 - **прва награда**<br>Арбнор Кроси, V-2 - **прва награда**<br>Амина Мустафаи, V-2- **прва награда**<br>Аднит Јакупи, V-2 **- прва награда**<br>Маљ Османи, V-3 - **прва награда**<br>Клод Сумати Јахоја, V-3**-прва награда**<br>Албин Абдула, V-3-**прва награда**<br>V-2-прва награда<br>Марија Лазаровска, VI-1- **прва награда**<br>Елиза Османи, VI-3 **- прва награда**<br>Владимир Грчев, IX-1 - **прва награда**<br>Ангел Иванов, IV-2 - **втора награда**<br>Амина Строка, IV-3 - **втора награда**<br>Дијар Адили, V-2 - **втора награда**<br>Сиера Хајдари, V-3 - **втора награда**<br>Миа Здравевска, VI-1- **втора награда**<br>Верда Абази, VI-3 **- втора награда**<br>Дарин Кировски, VII-2 - **втора награда**<br>Нина Каламдевска, VIII-2 **- втора награда**<br>Ведра Гирова**,** VIII-1 **- втора награда**<br>Матеј Цветковски, IX-1 **- втора награда**<br>Благој Цветковски**,** IX-1**- втора награда**<br>Теодор Цикарски**,** IX-1 **- втора награда** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Војдан Трајановски, IV-1 **- трета награда**<br>Виктор Јанковски, V-1 **- трета награда**<br>Албин Исени, V-2 **- трета награда**<br>Лејла Бајрами, VI-3 **- трета награда**<br>Лука Паневски, VII-2 **- трета награда** |
| 07.02.2025 | Општински натпревар по физика | Ученици од VIII и IX одд.со ментор наставник по физика | Благој Цветковски, IX-1 - **прва награда**<br>Матеј Цветковски, IX-1 - **прва награда** |
| 07.02.2025 | NEW CORNER - Државен натпревар по информатичко размислување | Ученици од IV - IX одд.со ментори наставници по информатика Ана Дионисиева и Сафије Бајрами | Мила Кузмановска, VI-1 - **прво место**<br>Павел Ламбевски, VI-1 - **прво место**<br>Агон Абдула, VII-4 - **прво место**<br>Албин Абдула, V-3 - **прво место**<br>Ајана Бајрами, IV-3 - **второ место**<br>Елиф Османи, IV-4 - **второ место**<br>Диар Решиди, IV-4 - **второ место**<br>Рајана Исмаили, IV-4 - **второ место**<br>Аднит Јакупи, V-2 - **второ место**<br>Рона Џелили, V-2 - **второ место**<br>Марија Лазаровска, VI-1 - **второ место**<br>Марко Стојановиќ, VI-1 - **второ место**<br>Никола Митев, VI-1 - **второ место**<br>Киара Гури, VI-2 - **второ место**<br>Хана Бектеши, VI-3 - **второ место** |
| 15.02.2025 | ПСУ „Јахја Кемал“ - Натпревар по математика и физика | Ученици од IX одд.со ментори наставник по математика и физика Петре Крстески | Владимир Грчев, IX-1 - **прва награда** |
| 21.02.2025 | Општински натпревар по хемија | Ученици од VIII и IX одд.со ментор наставник по хемија Весна Ѓорѓиевска | Теодор Цикарски, IX-1 - **прва награда**<br>Анастасија Кузамновска, IX-1 - **прва награда**<br>Ведра Гирова, VIII-1 - **втора награда**<br>Матеј Цветковски, IX-1 - **втора награда**<br>Андреј Шалев, VIII-1 - **трета награда**<br>Каја Јовановски, VIII-1 - **трета награда** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Благој Цветковски, IX-1 - **трета награда** |
| 22.02.2025 | Општински натпревар по географија | Ученици од VII, VIII и IX одд.со ментор наставник по географија Михајло Павиќевиќ | Мила Ѓоргиевска, VII-2 – **прва награда** |
| 28.02.2025 | Општински натпревар по природни науки | Ученици од IV - VI одд.со одд.наставници и наставник по природни науки Михајло Павиќевиќ | Алексеј Котларовски, IV-1 - **прва награда**<br>Војдан Трајановски, IV-1 - **втора награда**<br>Максим Каранафиловски, IV-1 - **втора награда**<br>Ангела Боцева, IV-2 - **втора награда**<br>Калина Чанкуловска, IV-1 - **трета награда**<br>Уна Јовановиќ, IV-1 - **трета награда**<br>Давид Богоевски, V-1 - **втора награда**<br>Мартин Ѓоргиев, V-1 – **трета награда**<br>Лара Китановска, V-1 - **трета награда**<br>Јована Марчетиќ, V-1 - **трета награда**<br>Дарија Бартлинг, VI-1 - **трета награда**<br>Џејда Авдаговска, VI-1 - **трета награда**<br>Марко Цветковски, VI-1 - **трета награда** |
| 02.03.2025 | Регионален натпревар по информатика | Ученици од VII, VIII и IX одд.со наставник по информатика Ана Дионисиева | Владимир Грчев, IX-1 - **втора награда** |
| 13.03.2025 | Општински натпревар по англиски јазик | Ученици од V - IX одд.со наставници по англиски јазик Божидар Николовски и Садик Исени | Мила Гавриловска, VII-2 - **втора награда**<br>Енуара Балажи, VIII-3 - **втора награда**<br>Саранда Халили, VII-3 - **втора награда**<br>Дарија Бартлинг, VI-1 - **трета награда**<br>Зоја Укајдари, VIII-1 - **трета награда**<br>Тана Алемдар, IX-4 - **трета награда** |
| 14.03.2025 | Регионален натправар по биологија | Ученици од VII, VIII и IX одд.со ментор наставник по биологија Весна Ѓорѓиевска | Марија Марцетиќ, VIII-1 - **прва награда**<br>Матеј Цветковски, IX-1 - **прва награда**<br>Изабела Диков, VIII-1 - **втора награда** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Каја Јовановски, VIII-1 - **втора награда**<br>Теодор Цикарски, IX-1 - **втора награда**<br>Мила Ѓоргиева, VII-2 - **трета награда**<br>Нина Каламадевска, VIII-2 - **трета награда**<br>Теа Ангелиќ, VIII-2 - **трета награда**<br>Благој Цветковски, IX-1- **трета награда**<br>Елена Зафирова, IX-2 - **трета награда** |
| 22.03.2025<br>23.03.2025 | Државен натпревар по информатика | Ученик од IX,-1 со наставник по информатика Ана Дионисиева | Владимир Грчев, IX-1 - **прва награда** |
| 12.03.2025 | Регионален натпревар по англиски јазик | Ученици од V - IX одд.со наставници по англиски јазик Божидар Николовски и Садик Исени | Дарија Бартлинг, VI-1 - **прва награда**<br>Саранда Халили, VII-3 - **втора награда**<br>Енуара Балажи, VIII-3 - **трета награда**<br>Тана Алемдар, IX-4 - **втора награда** |
| 15.03.2025 | Регионален натпревар по математика | Ученици од IV - IX одд.со ментори наставник Петре Крстески | Владимир Грчев, IX-1 - **прва награда**<br>Матеј Цветковски, IX-1 - **трета награда** |
| 04.04.2025 | Регионален натпревар по природни науки | Ученици од IV - VI одд.со одд.наставници и наставници по природни науки | Алексеј Котларовски, IV-1 - **трета награда**<br>Војдан Трајановски, IV-1 - **трета награда**<br>Максим Каранафиловски, IV-1 - **трета награда**<br>Ангела Боцева, IV-2 - **трета награда**<br>Калина Чанкуловска, IV-1 - **трета награда**<br>Уна Јовановиќ, IV-1 - **трета награда** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 05.04.2025 | Регионален натпревар по физика | Ученици од VIII и IX одд.со наставник по физика Петре Крстески | Ведра Гирова, VIII-1 - **трето место** |
| 12.04.2025 | Регионален натпревар по хемија | Ученици од VIII и IX одд.со ментор наставник по хемија Весна Ѓорѓиевска | Матеј Цветковски, IX-1 - **прва награда**<br>Теодор Цикарски, IX-1 - **втора награда**<br>Анастасија Кузамновска, IX-1 - **втора награда** |
| 23.04.2025 | Денови на електротехника та-натпревар по физика од областа на електротехника та | Училишен тим од IX одд. : Матеј Цветковски, Благој Цветковски и Мила Гавриловска со наставник по физика Петре Крстески | **Пехар и диплома** за освоено **второ место** на град Скопје |
| 03.05.2025 | Државен натпревар по математика | Ученици од IX 1 одд.со наставник по математика Петре Крстески | Владимир Грчев, IX-1 - **прва награда** |
| мај | Сојуз на борците - литературен конкурс „Мојот патрон има за љубов и почит“ | Ученици од VI - IX одд.со наставник по македонски јазик Елеонира Бошковска | Ангелина Цветковска, VIII-2 - **втора награда** |
| 10.05.2025 | Државен натпревар по англиски јазик | Ученици од VI - IX одд.со наставници по англиски јазик Божидар Николовски и Садик Исени | Дарија Бартлинг, VI-1 - **втора награда**<br><br>Тана Алемдар, IX-4 - **втора награда** |
| 18.05.2025 | Државен натпревар по природни науки | Ученици од IV - VI одд.со одд.наставници и наставници по природни науки | Војдан Трајановски, IV-1 - **второ место** |
| 21.05.2025 | Литературен конкирс по повод празникот Св. Кирил и Методиј на тема „Една радосна вест“ | Ученици од VI - IX одд.со наставник по македонски јазик Лидија Заборска | Мила Ѓорѓиева, VII-2 - **второ место** |
| 31.05.2025 | Државен натправар по биологија | Ученици од VIII и IX одд.со ментор наставник по биологија Весна Ѓорѓиевска | Матеј Цветковски, IX-1- **прва награда**<br>Изабела Диков, VIII-1 - **втора награда**<br>Марија Марцетиќ, VIII-1 - **трета награда**<br>Каја Јовановски, VIII-1 - **трета награда**<br>Теодор Цикарски, IX-1 - **трета награда** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 07.06.2025 | Државен натправар по физика | Ученици од IX одд.со ментор наставник по физика | Матеј Цветковски, IX-1 - **втора награда** |

Стекнатите знаења и умеења постигнати во редовната настава и вонннаставните активности, учениците ќе имаат можност да ги презентираат на разновидни натпревари, јавни настапи, како и со програми пред другарчињата и родителите. Училиштето организира училишни натпревари, со цел да се детектираат учениците кои постигнуваат најдобри резултати по одредени предмети , а кои понатаму ќе се подготвуваат за општински, регионални и државни натпревари. Училишните натпревари ќе се реализираат во март и април, со цел координирање со општинските натпревари.

## 15.2 Професионална ориентација на учениците

Програмата за професионална ориентација во основните училиште има за цел да им помогне на учениците и нивните родители, односно старатели при изборот на средното училиште, согласно способностите и афинитетите на учениците.

Под поимот професионална ориентација се подразбираат збир на постапки, почнувајќи од информирање за можностите за образование и видот на професии, па сè до индивидуално советување. Основна цел на програмата е поттикнување на учениците активно да учествуваат во фазниот процесен модел на професионална ориентација, да преземат одговорност за својата иднина, да се запознаат себе си и своите способности, насоките за образование и кариера, промислено да донесат одлука за изборот на средно училиште/професија и на тој начин да постигнат успех во планирање на својата кариера.

Составни делови на процесот на професионалната ориентација се :

ФАЗА 1. Самоспознавање: да се поттикнат учениците да ги спознаат своите лични афинитети и капацитети, да градат реална слика за себе, да се оспособат за самопроценка и унапредување на капацитите за личен раст и развој;

ФАЗА 2. Професионално информирање: учениците да стекнат знаења за различни информациски понуди за видови училишта и професии, како и развивање вештини за активно и самостојно користење на расположливите информациски понуди (развивање дигитални и социјални компетенции);

ФАЗА 3. Донесување одлука: учениците кои учествувале во програмата за професионална ориентација да бидат оспособени самостојно да донесуваат одлука за избор на средно образование и идна професија.

| 1 – САМОСПОЗНАВАЊЕ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности** | **Цели** | **Носители на активности** | **Форми / методи на работа** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |
| **1.1.** Откривам што најдобро можам да бидам, проценувам сам | Поттикнување на учениците да ги согледаат сопствените капацитети, да направат самопроценка во поглед на интресите, афинитетите способностите, без разлика на пол, род и други способности | Стручна служба, наставник по граѓанско образоавние и иновации, раководители на паралелките од 8 и 9 одд | Бура на идеи<br>Дискусија<br>Самопроценка на сопствените афинитети и способнпсти | Наставен лист – моите слаби и јаки старни<br>Тест за интереси и способности | Учениците се свесни за своите капацитети и спо-собности, да на-прават самопро-ценка надоврзат на правилен избор на видот на поната-мошно образо-вание | Проценети способности и професионални интереси на учениците<br>Споделени и интерпретирани резултаи од проценката со учениците од 9 одделение |
| **1.2** Интересите способности , ставовите , целите пат до мојата идно образование / професија | Поттикнување кај учениците свесност за своите лични капацитети, со цел информаци-ја за можностите кои ги нуди одредена професија која ја преферираат и опциите за избор на | Стручна служба, наставник по граѓанско образова-ние и иновации, раководители на паралелките од 8 и 9 одд | Дебата- вредостите кои ја карактери-зираат личноста во денешно време и нивното влијание врз изборот на идно занимање /професија | Скала на вредности | Зајакнато чувство на сопствена вредност,<br>Правилен избор на видот на понатамошно образова-ние | Изработен постер за вредностите на личноста |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | училиште кое најмногу им одговара. | | | | | |
| **2 и 3 - ИНФОРМИРАЊЕ И ПРЕБАРУВАЊЕ ЗА ВИДОВИ ПРОФЕСИИ И МОЖНОСТИ ЗА ШКОЛУВАЊЕ** | | | | | | |
| **2.1**<br><br>Мрежа на средни училишта на град Скопје | Информации за средните учи-лишта и кои можности за образование и вработување ги нудат | Стручна служба, наставник по гра-ѓанско образо-вание и иновации, раководители на паралелките од 8 и 9 одд. | Дискусија<br><br>Истражување на можностите кои ги нудат средните училишта<br><br>Презентации на средни училишта | Презентации и флаери од средни училишта<br><br>Конкурс за упис во средно училиште<br><br>Интернет поратли веб страни на училишта | Соодветни инфор-мации за средните училишта и можностите за образование | Соодветен<br><br>избор на понатомошно образование |
| **2.2**<br><br>Мојата идна професија<br><br>(карактеристики и можности за идно вработување и напредување во кариерата**)** | Информирање на учениците и запознавање со релевантни информа-ции карактеристики особености на професијата која би можеле да ја изберат. | Стручна служба, наставник по гра-ѓанско образо-вание и иновации, раководители на паралелките од 8 и 9 одд. | Онлајн истра-<br><br>жување за карак-тиристики на различни профе-сии од интерес на учениците<br><br>Онлјан посета наинституции, саеми на кариера, агенција за врабо-тување и други институции | Презенатции, интервјуа на поз-нати личности и нивните професии<br><br>Записи од инте-рвјуа | Учениците се оспособени да извршат содевет избор на понатамошно образова-ние во соглас-ност со своите афинитети и спо-собности | Изготвена брошура за карактеритиките на различни професии:<br><br>Мојата идна професија-што сакам да бидам |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | од интерес на учениците | | | |
| **3.1**<br><br>Патот до мојата идна професија | Учениците да го осознаат патот за стекнување образование и професионална кариера кои водат кон постигнување /остварување на посакуваното занимање | Стручна служба, наставник по граѓанско образо-вание и иновации, раководители на паралелките од 8 и 9 одд. | Пишпани есеи<br><br>Дискусии<br><br>Работа во парови и групи-каракте-ристики на моето идно занимање | Работни листови за избор на идно училиште зани-мање | Учениците се запознаени со карактеристики на различни видови занимања<br><br>Учениците можат да направат соодветен избор на идно занимање | Пишани есеи<br><br>Пораки за важноста на правилен избор на занимање и последиците од несоодветен избор на професија / занимање |
| **4 - РЕАЛНИ КОНТАКТИ СРЕДБИ** | | | | | | |
| **4.1**<br><br>Организирани средби со претставници од различни профили<br><br>(онлајн) | Информирање на ученици за различни професии од страна на нивните претстав-ници на различни профили на професии | Стручна служба, наставник по гра-ѓанско образо-вание и иновации, раководители на паралелките од 8 и 9 одд.<br><br>Родители од раз-лични професии | Разговор<br><br>дискусија<br><br>Интервју | Подготовка за интервју<br><br>Прашалник | Учениците се запозаени со раз-лични профеcио-налци од различни профили и нивни-от животен пат и напредок во кари-ра | Записи од интервју<br><br>Анализа на прашалник<br><br>Изготвени кратки насоки за правилен кариерен развој и избор на професија |

| 5. ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **5.1**<br><br>Каде ќе го продолжам моето образование ? | Учениците да бидат оспособени самостојно да донесат одлука за избор на средно образование и идна професија | Стручна служба, наставник по граѓанско образовани е и иновации, раководите ли на паралелкит е од 8 и 9 одд.<br><br>Родители | Проверка на лич-ните профили<br><br>Споредба на личниот профил со барањата за понатамош но образовани е и професиона лна кариера<br><br>Симулации на избрано занимање | Документир ани записи, работни листови, сали на проценки, анкети, трудови во уче-ничко порфолио за професиона лна ориентација. | Донесување одлука за избор на соодветно училиште / занимање<br><br>Советодавн о консултатив ни разговори стручен соработник- ученик - родител | Ученичко порт-фолио за професионал на ориентација |

**Забелешка:**

Информациите кои учениците ги прибираат и обработуваат низ фазите на професионалната ориентација ги водат во **ученичко портфолио**, почнувајќи од осмо одделение и ги содржи сте трудови од почетокот до крајот на одлучувањето. Раководителот на паралелката во соработка со стручните соработници се грижи за чување на целата документација.

( прилог 1 - преглед на содржините структурирани во ученичко портфолио)

Оваа програма **ги вклучува и родителите / старателите** во процесот на професионална ориентација на своите деца пред се како поддршка во донесувањето самостојна одлука при избор на средното образование, преку родителски состаноци, заеднички работилници и средби на кои учествуваат како претставници на одредени професии и презентери на сопствениот пат и лична кариера.

## 15.3 Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство,од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација -

Значајно внимание ќе се посвети на присутноста на насилството, видови на насилство и начини на негово спречување, како и промовирање на ненасилна комуникација и развивање на другарството. Безбедноста на учениците во училиштето како важен елемент исто така ќе биде дел од овие програми кои ќе се реализираат во соработка со надлежните институции. Превентивните програмите ќе се реализираат преку редовната настава (одделенски час – програма за животни вештини, изборната настава како и воннаставни активности. Во текот на првото полугодие во учебната 2025/2026 година целта на училиштето ќе биде зајакнување на демократската клима во училиштето со промовирање на граѓанските вредности на ниво на училиштето. Активностите за зајакнување на демократската клима ќе се реализираат со дискисии/дебати,работилници,презентации за теми кои поттикнуваат интерес кај учениците и промовираат граѓанските вредности на ниво на училиштето, како и поврзување на училиштето со пошироката заедница. За таа цел ќе се реализира Отворен ден за граѓанско образование кој ќе сеодржи во месец ноември чија намена на отворениот ден е да се поттикне одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и да се зајакне нивната иницијативност за превземање активности.

### Програма за превенција од насилство

| Содржини на работа | Реализатори | Време на реализација |
|---|---|---|
| Планирање активности на тимот за учебната 2025/2026 год | Психолог<br>Наставници | август |
| Формирање Ученички клуб за превенција од насилство и спречување дискриминација | Психолог<br>Наставници | септември |
| Запознавање на наставниците со училишната политика за намалување насилство | Психолог | септември |
| Предавање на тема :<br>Што е насилство ?<br>Како да се постапува во случај на | Психолог<br>Наставници<br>Ученици | октомври |

| | | |
|---|---|---|
| насилство меѓу учесниците | | |
| Анкета<br>- прашалник за ученици | Психолог<br>Ученици | ноември |
| Анкета<br>-прашалник за наставници | Психолог<br>Наставници | ноември – декември |
| Реализација на содржини од прирачникот за Животни вештини поврзани со насилното однесување на учениците | Психолог<br>Педагог<br>Наставници | февруари – април |
| Работилници со ученици | Психолог<br>Ученици | април – мај |
| Превземање мерки за моментално запирање на насилството | Психолог<br>Наставници | тековно |
| Стручни предавања од страна на релевантни институции | Релевантни институции (образовни, здравствени, полиција, центри за социјална работа) | тековно |

## Програма за антикорупциска едукација на учениците

| **Содржина** | **Цели** | **Вид на активност** | **Активности** |
|---|---|---|---|
| Предзнаења за корупцијата и антикорупцијата | Да се согледаат предзнаењата на учениците | Прашалник за учениците | Пополнување на прашалникот од страна на учениците |
| Причини и последици од корупцијата | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, да знаат за облиците во кои може да се | | Говорна активност; дискусија; Кусо предавање |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница | |
| Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да ги препознаваат механизмите за спречувањена корупцијата, да ја сфатат улогата на Државната комисија за спречување на корупцијата и механизмите преку кои таа делува | Предавање и вежби | Предавање Power Point презентација<br>Дискусија |
| Активна борба против корупцијата | Да се запознаат што значи,,одолевање на социјален притисок, да знаат за | Работилница | Говорна активност;<br>дискусија; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата, да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата. Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општството | | кусопредавање |
| Активна борба против корупцијата<br><br>Постери | Да анализираат како и каде може да се појави корупцијата и како може да се спречи истата<br><br>Да се стават во ситуација во која ќе имаат активна улога, преку која ќе разберат за антикорупцијата и за потребата од едукацијата<br><br>Да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за | Работилница | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | развојот на граѓанската култура во современото општество | | |
| Утврдување на знаењата за корупцијата и антикорупцијата | Да се утврдат знаењата на ученицит.<br><br>Да се види дали учениците научиле од проектот ,,„Програма за антикорупсицката едукација на учениците од основните училишта“ | Прашалник за учениицитe и активности за повторување | Пополнување на прашалникот од страна на учениците |

## 16. Оценување

### 16.1 Видови оценување и календар на оценувањето

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три развојни периоди: учениците кои се опфатени во првиот период се ученици од I-III одделение и се оценуваат со описни оценки, учениците кои се опфатени во вториот период се ученици од IV - VI одделение и се оценуваат со описни и нумерички оценки, а учениците од третиот период се ученици од VII - IX одделение и се оценуваат со нумерички оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето. На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во одделенскиот дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) се со однапред утврдена динамика и наставниците динамиката ја дефинираат во нивните годишни и тематски

планирања. Се користат форми, методи на следење, инструменти за следење на постигањата на учениците ( чек листи, аналитички листи, увид во портфолио..) Секој наставник води досие за ученици и професионално досие на наставник. Досието за ученици содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка.

Професионалното досие на наставникот содржи дел од изработките на учениците, планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и воннаставните активности.

**16.2 Тим за следење, анализа и поддршка**

Тимот е составен од директор, педагог, психолог и претседатели на стручните активи. Тимот ја следи и проверува усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, изготвува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени на ученици. Имплементирањето на стандардите за оценување ќе се стимулира преку реализирање активности од програмите на стручните активи и континуирано следење на новитетите од БРО. Формативното и сумативното оценување се планираат и реализираат во текот на наставата преку редовно следење и вреднување на постигањата на учениците, прибирање показатели за нивните активности, ангажирање на учениците, посветеност во работата како и тимската работа.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Планирање на тестови и писмени работи | септември | Стручна служба и наставници | Презентација; дискусија; договор | Успешна реализација на писмени проверки на постигањата на учениците; повисок успех на учениците |
| Составување на објективни тест прашања; изготвување бодовна скала; формирање оценка | октомври | Одговорни наставници | Презентација; работилница,дискусија; | Правилно поставување објективен тест, прашања и соодветно бодирање и оценување |
| Анализа и процена на објективноста | ноември | Одговорни наставници | Презентација; дискусија | Поуспешна изработка и примена на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на применетите тестови | | | | применетите тестови |
| Насоки за доставување на примероци од оценувања во наставничките портфолија | декември | Педагогот на училиштето | Дискусија; договор | Успешна изработка на наставнички портфолија |
| Анализа на полугодишниот успех на учениците | јануари - февруари | Директорот на училиштето | Обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците и преземање мерки за подобрување |
| Вреднување на ученици со потешкотии во развојот | март | Стручна служба | Презентација; дискусија | Поголема мотивираност и повисок успех на ученици со потешкотии во развојот |
| Анализа на применетите објективни тестови | мај | Одговорни на одделенски совети | Презентација; дискусија | Поуспешна изработка и примена на објективни тестови |
| Анализа на годишниот успех на учениците | јуни | Директор и стручна служба | Обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците и преземање мерки за подобрување |

## 16.3 Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно - образовниот кадар

- Креирање  политика за поддршка на планирањето за посета на часови;

- Наставни часови со примена на диференцирани цели и активности;

- Следење  реализација на наставата преку посета на часови ,според новата концепција за основно образование;

- Следење  дневни оперативни планирања и сценаријата на наставниците;

- Следење  активности од проектите кои се реализираат во училиштето;

- Следење  часови за дополнителна и додатна настава;

- Евалуација /извештаи според инструменти за следење на наставните часови.

### 16.4 Самоевалуација на училиштето

Согласно законот за Основно образование, училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа во текот на две учебни години.Членови на училишната комисија за спроведување на самоевалуација се: Афердита Сали – одделенски наставник, координатор, членови:  Азра Зеќири – специјален едукатор и рехабилитатор, Драгана Гаврилова Горковска - одделенски наставник, Катерина Лазаревска - предметен наставник, Сафије Бајрами - родител.
Самоевалуацијата се спроведува во три фази:
- подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);
- фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди , се подготвуваат поединечни извештаи  и  за  самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);
- фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на радители, ученици, директорот на училиштето и  Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација). Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја.

### 17. Безбедност во училиштето

Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има лицето за обезбедување кое е вработено преку агенцијата за обезбедување. Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурниот наставник, сè   додека не ги земат родителите, а за тоа се води редовна евиденција. Училиштето има изработено План за заштита и спасување кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди. Во училишната зграда е

истакнат план за евакуација со обележан правец на движење во случај на елементарни непогоди.

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1 Хигиена во училиштето

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот. Хигиената во училиштето ја одржуваат 6 хигиеничари. Во текот на годината во училиштето се врши дератизација, дезинфекција и дезинсекција на училишните простории. Се води грижа за санитарната опрема во тоалетите да е исправна и да функционира. Сите тоалети и санитарии редовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства. Во тоалетите редовно има течен сапун. Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците се чистат два - три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветруваат. Другиот училишен простор и училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад. Дежурните наставници за време на одморите, а и сите други за време на часовите се грижат и интервенираат во однос на хигиената во училиштето и училишниот двор. Со цел за чиста и здрава работна средина, училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор .

### 18.2 Систематски прегледи

Систематските прегледи се задолжителни за вработените и за учениците. Тие се вршат во договорени термини во соработка со ЈЗУ Школска медицина - Карпош, Поликлиника Ѓорче Петров, Републички завод за здравствена заштита - одделение Медицина на трудот; Сектор за епидемиологија и микробиологија и училиштето, според плановите за работа на институциите. За вработените покрај редовниот годишен санитарен преглед на секои три години се врши и систематски преглед кој опфаќа: општ лекарски преглед, лабаториски преглед, интернистички, офтамотолошки преглед, ОРЛ преглед. Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I, III, V ,VII и IX одделение. Задолжителни стоматолошки прегледи и залевање на трајните заби се вршат заучениците од I, II, IV, V и VI одделение. За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат со одд. раководител или предметен наставник. При договарање термини за вршење прегледи се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоците.

### 18.3 Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат. Вакцинирањето се врши во

Школски диспанзер „Карпош“ во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до V одделение, а за учениците од VI до IX одделение одделенскиот раководител и родител. Во периодот до 12 - 13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата и момчињата HPV - хуман папиломавирус - инфекции (три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза.

### 18.4 Едукација за здрава исхрана-оброк во училиштата

За реализација на овој дел од грижата за здравјето на учениците, училиштето организира топол оброк и ручек за учениците од прво до трето одделение. Додека за учениците од четврто и петто одделение се организира ужинка. Училиштето исто така организира и релизира околу четири различни предавања и работилници во врска со здрава храна, правилна исхрана и предавање за правилна контрола на внес на шеќери.

## 19. Училишна клима

### 19.1 Дисциплина

Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители. Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно. За непочитување на кодексот на однесување се пропишани соодветни процедури по кои се постапува зависно од прекршување на правилата на однесување.Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Со цел подобрување и одржување на дисциплината во училиштето (на учениците и вработените) се изготвува план според кој се определуваат одговорни – дежурни наставници и дежурни ученици во училишниот ходник и училишниот двор во текот на работниот ден. Дежурниот наставник е задолжен да води писмена евиденција за тековни случувања за време на часови и одмори. Се определуваат дежурни ученици кои исто така треба да водат писмена евиденција за тековните случувања во училишниот ходник и да ги евидентираат сите субјекти кои ќе го посетат училиштето. Дежурните ученици се одговорни за навремено ѕвонење помеѓу часовите за редот, дисциплината, хигиената и обезбедување на непречена реализација на наставата. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето.

### 19.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодување на учениците и нивно максимално ангажирање во воспитно – образовниот процес. Поради тоа вработените и

учениците имаат развиено одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето. Заеднички се грижат за уредување на паноата во училниците, одржување на катчињата со ученички изработки во училишните ходници, тековно одржување на хигиената во училницата, чување на училишниот инвентар и уредување на училишниот двор. Со користење рециклирани материјали, се уреди отворена училница и еко катчиња за учениците. Отворената училница која може да послужи за настава на отворено, реализација на разни работилници, вонннаставни активности, родителски средби и др. Нашето училиште ќе продолжи со реализација на вакви проекти бидејќи преку вакви активности се стимулира креативноста, се развива свеста и навиката за чување на јавните добра и грижата за животната средина, која што е и една од значајните цели во воспитно – образовниот процес.

### 19.3 Етички кодекси

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти кои го сочинуваат. Кодексите се донесени во согласност со Законот за основно образование, а сите субјекти имаат земено учество во нивното изработување. Кодексите се истакнати на видни места во училиштето и во нив јасно се дефинирани правилата кои треба да се почитуваат. Такви се :

- Кодекс за однесувањето на наставниците, на учениците и родителите;
- Училиштето располага и со правилници во кои се предвидени и постапките кои се превземаат при прекршување на правилата пропишани со кодексите. Кодексот на однесување за наставници, ученици и родители.

### 19.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученички парламент, Стручни активи).Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл. Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод Ден на училиштето, Нова година, Ден на мајката, Ден на шегата , екскурзии за учениците. И оваа учебна година посебно внимание ќе се посвети на прослава на верските празници Велигден, Бајрам и заедничките воннаставни активности во рамките на интеркултурното образование.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно - образовниот кадар

### 20.1 Детектирање потреби и приоритети

Потребите на наставниците и стручните соработници за професионален развој се утврдуваат од резултатите од самоевалуацијата на училишетото. Потребите и приоритетите се за работа со талентирани и надарени деца, поуспешно интегрирање на наставните содржини во предметната настава и изготвување систем за следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг воспитно - образовен период .

Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците и стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисеминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи.

Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат и отворени часови, работилници и размена на искуства во рамките на активите.

### 20.2 Активности за професионален развој

Со утврдување на потребите за професионалниот развој на вработените се планира организација и реализација на интерни обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците и дисеминации од проектите кои ќе ги реализараат нашите наставници за своите колеги во училиште. Пред почетокот на секоја учебна година во училиштето се прави евалуација и од неа произлегуваат наредните приоритети за професионален развој. Во согласност со финансиските можности на училиштето се планираат и други посети на обуки кои ги одржуваат овластени обучувачи.

### 20.3 Личен професионален развој

Поединечното усовршување на образовниот кадар во училиштето подразбира следење на наставниците како и нивно вреднување преку посебно изготвени критериуми и инструменти. Во личен професионален развој вклучено е и мотивирањето на наставниците во насока на учество на обуки и семинари, добивање сертификати и слично. Меѓу другото, тука се вбројува и посетата на конференции, средби од регионален или државен карактер, како и свои пишани и објавени текстови и статии во стручна литература. Секој наставник и стручната служба изготвува свој личен план за професионален развој според одредени стандарди и компетенции.

### 20.4 Хоризонтално учење

Посетата на наставниците на разни семинари за нивен професионален развој значи и споделување на искуствата и знаењата стекнати на тие семинари. Професионалното стекнато искуство се разменува и споделува со останатите наставици и стручната служба. Сето тоа училиштето го прави преку дисеминација, работилници или отворени часови. Во тој поглед училиштето треба да подготви акциски планови во кои ќе се објаснети активностите и нивните

носители, времето на реализација, начинот на следење како и очекуваните резултати и исходи.

### 20.5 Кариерен развој на воспитно - образовниот кадар

Меѓусебната соработка и почитување играат важна улога во функционирањето на училиштето. Во таа насока училиштето предвидува начини и форми за поттикнување взаемната соработка помеѓу наставниците. Тука акцент се става на отворената комуникација, почитување поединечни мислења како и критичнос и самокритичнос. Стручното усовршување и професионалниот развој на образовниот кадар ќе опфати оспособување на наставниците за реализација на новите програмски содржини кои доаѓаат како резултат на општествените промени, новите научни достигнувања, новите планови и програми од прво до трето одделение и сл. За таа цел училиштето во текот на целата учебна година ќе се грижи за професионалниот развој на наставниците и ќе се залага за нивно активно учество на работилници, обуки и семинари. Сите овие предвидени активности ќе се реализираат во согласност со потребите и барањата на училиштето и образовниот кадар во текот на учебната година.

### ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ И СТРУЧНИТЕ СОРАБОТНИЦИ

| Компетенции | Тема | Активности | Очекувани исходи | Носител на активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| Знаења за наставниот предмет и за воспитно - образовниот систем | Развивање социо - емоционални вештини кај учениците | Самоосвестување<br>Самоуправување<br>Социоемоционална инетеракција | Учениците да умеат да ги идентификуваат сопствените емоции<br>Да идентификуваат начини за управување со негативни емоции<br>Да покажуваат разбирање за емоциите на другите | БРО<br>Изведувач на обука | септември<br>август |
| Поучување и учење - реализација на наставата | Настава за развивање критичко мислење кај учениците | Интерпретација - осврт на критичко мислење<br>Аргументација вреднување | Развивање на критичкото мислење преку активности | БРО<br>Изведувач на обука | септември<br>август |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Создавање стимулативна средина за учење | Разрешување конфликти со ученици и меѓу ученици | Концепт на конфликт Извори на конфликтни ситуации Последици од конфликтни ситуации Комуникациски механизми и прктични стратегии за управување со конфликтни ситуации Меѓу учениците | Примена на ефективна комуникација и конструктивно разрешување на конфликти Справување со конфликтни ситуации со и меѓу учениците | БРО Изведувач на обука | септемвриавгуст |
| Работа со родители | Соработка помеѓу семејствата и училиштето во спречување на врсничко насилство, кибернасилство и сл. | Препознавање на насилство Соработка на училиштето и семејството | Дијалог за креирање на превентивни активности и активности за справување со насилно однесување Промовирање знаење и вештини на ненеасилство Почитување на различностите,соработка и заеднилки активности меѓу учениците од различни групи | БРО Изведувач на обука | септемвриавгуст |

## 21. Соработка на училиштето со родителите/старателите

| Планирана родителска средба | Цел на средбата | Реализатор | Време на реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Општа родителска средба од I - V одд. | Запознавање на родителите со покажаниот успех и поведение на учениците и други актуелни пршања | Одд. раководители од I - V | 09 и 11 месец<br><br>01, 04 и 06 месец | Преземање на мерки за подобрување на успехот и поведението<br><br>Реализација на предвидените активности во договор со родителите |
| Општа родителска средба од VI - IX одд. | Запознавање на родителите со покажаниот успех и поведение на учениците и други актуелни пршања | Одд. раководители од V I- IX | 09 и 11 месец<br><br>01,04 и 06 месец | Преземање на мерки за подобрување на успехот и поведението<br><br>Реализација на предвидените активности во договор со родителите |
| Родителска средба на ниво на активи од IV - IXодд. | Зпознавање на родителите со изборните предмети | Одд. раководители од IV - IX | По барање од<br><br>МОН во 06 месец | Избор на саканиот предметот кои се во интерес да го изучуваат учениците во наредната учебна година и формирање на паралелки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Отворен ден за родителите од VI - IX | Запознавање на родителите со успехот по секој наставен предмет | Одд. раководител и од VI – IX | 10 и 12 месец<br><br>03 и 05 месец | Преземање на мерки за подобрување на успехот и поведението |
| Отворен ден за родителите од I - V | Запознавање на родителите со успехот по секој наставен предмет | Одд. раководител и од I - V | 10 и 12 месец<br>03 и 05 месец | Преземање на мерки за подобрување на успехот и поведението |
| Родителска средба на ниво на паралелка или на ниво на актив од I - IX | Известување на родителите за актуелната проблематика | Одделенски раководители од I - IX | По потреба | Донесување и преземање на мерки за разрешување на актуелната проблематика |
| Индивидуални средби на наставниците од I - XI одд . | Континуирана соработка помеѓу родителите и одд.раководители од I - IX одд. | Одд. роководители од I – IX одд. | Според распоред на приемни денови | Преземање на мерки за подобрување на успехот и поведението |

**21.1 Вклученост на родителите /старателите во животот и работата на училиштето**

- *Во животот и работата на училиштето*

Во учебната година училиштето треба да ги информира семејствата на учениците за работата на училиштето и успехот на учениците. Преку индивидуалните и групни родителски средби, седниците на Совет на родители, информативните списанија (билтен), родителите редовно се информираа за работењето на училиштето. Активно се вклучуваа во организација на спортски манифестации и ликовни изложби, организација и реализација на приредби, излети и научни посети, поставување на декор, украсување на училиштето, реализација на предавања за унапредување на здравјето и реализација на настава (експерти од одредени професии).

- *Во процесот на учење и воннаставните активности*

Соработката со семејствата на учениците е од особена важност за подобрување на успехот, дисциплината, поведението и изостаноците на ученикот. Соработката со одделенскиот раководител, наставниците, психологот, со цел континуирано и редовно информирање на родителот на ученикот, придонесува за надминување на пројавените проблеми. Преку соработката на одделенскиот раководител со стручната служба, родителите навремено се информирани за индивидуалниот напредок на нивното дете, социјализација, адаптација и детектирани проблеми кај ученикот. Родителите и семејството имаат увид во начинот и условите за работа во училиштето, реализација на наставата, напредокот на учениците и проектите кои се реализираат во училиштето. Во активностите на училиштето, училиштето ги вклучува родителите при реализацијата на екскурзии, воннаставни активности, училишен продажен хепенинг, натпревари, приредби, манифестации, промоции и др. Информирањето и соработката меѓу училиштето и родителите се остваруваше преку: општи родителски средби, индивидуални средби со родителите, телефонски и писмени контакти, состаноци на Советот на родители, семејно советување, посета на отворени часови, работилници со родители на критични групи ученици, вклучување во проекти и работилници кои се реализираат во училиштето.

### 21.3 Едукација на родителите/старателите

Ќе бидат организирани едукативни работилници за родители во склоп на работата на Советот на родители, родителски средби и други форми на работа со родителите, средби со стручната служба во функција на Советување на родители, како и индивидуални средби и средби во мали групи од едукативен карактер. Родителите имаат можност за вклучување во проектните активности на училиштето.

Секоја учебна година се изработува БИЛТЕН кој родителите го добиваат на крајот на прво полугодие, а БРОШУРАТА ја добиваат при упис на децата во прво одделение и на почетокот на учебната година. Во соработка на наставниците и учениците се изработува и изготвува и УЧИЛИШЕН ВЕСНИК, кој е достапен за учениците.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на училиштето

- **Соработка со локална заедница**

Соработката со локалната заедница ќе се остварува преку повеќе форми на работа, електронски, усно и ќе пристапиме кон реализирање на активностите кои ќе ги понуди истата. Училиштето за соработка со локалната заедница изготвува и програма.

- **Институции од областа на културата**

Сите конкурси и покани за натпревари кои стигнуваат во нашето училиште, ќе бидат доставени до одговорните наставници и истите ќе бидат спроведени преку учество на учениците.
Ликовните и литературните изложби, споменици и други установи ќе бидат посетени според потребите на наставата и по избор на предметниот или одделенски наставник.
Кино и театарските претстави ќе ги организираме исто така според потребите на наставата со избор на кино или театарска претстава од страна на одговорните наставници и соодветно на возраста на учениците.
Сите овие активности се вградени во програмите на стручните активи.

- **Институции од областа на образованието**

Училиштето континуирано соработува со МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС - Сектор за основно образование. Сектор за основно образование во делот на општината Карпош, актив на директори на Општина Карпош, градинките и други основни, средни училишта и факултетите. Училиштето со градинките соработува при уписот на првачиња и заеднички активности. Средните училишта вршат презентации на занимања и струки за уписи на учениците од деветите одделеније. Во соработката со факултетите примаме студенти за практична настава од Инстутут за педагогија. Стручната служба стручно се усовршува во заеднички работни состаноци на ниво на град Скопје.

- **Невладини организации и здруженија на граѓани**

Соработката со невладините организации и здруженија на граѓани ќе се реализира во текот на учебната година и според нивните програми, ќе се остваруваат презентации, работилници и проектни активности за учениците и наставниците.

- **Спортски друштва**

Училиштето ќе продолжи да соработува со спортските клубови во кои членуваат нашите ученици.

- **Здравствени организации**

Како и досега, училиштето ќе продолжи да соработува со институциите кои се директно поврзани со грижата за здравјето на учениците, а тоа се: Здравствен дом Ѓорче Петров, Здравствен дом Карпош, Меѓуопштинскиот центар за социјални работи, Заводот за ментално здравје, Осигурителна компанија .
Во текот на годината ќе се организираат и предавања според потребата, изведени од стручни лица /надворешни соработници или од Црвениот Крст. Одговорни лица ќе бидат стручните соработници, одговорните на Црвениот крст и еден предметен наставник. Целта на ваквото

едуцирање е да се прошират знаењата на учениците и да се развива свеста за значењето на здравјето и водење грижа за сопственото здравје.

- **Медиуми**

Училиштето располага со брошури кои им ги даваме на родителите на сите првачиња кои се запишуваат во нашето училиште и таа активност ќе продолжи и понатаму, а ќе биде проширена и со промовирање на училиштето и преку одредени печатени и електронски медиуми, WEB и Facebook страна на училиштето .

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорни лица | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Наставни часови со примена на диференцирани цели и активности | посета на часови<br><br>Во текот на учебната година | Директор, стручна служба | Наставници - одделенски и предметни |
| Наставни часови со примена на иновативни содржини | посета на часови | Директор, стручна служба | Наставници - одделенски и предметни |
| Часови за интегрирани наставни содржини во предметна настава на македонски и абански наставен јазик | Посета на часови<br><br>Во текот на учебната година | Директор, стручна служба | Предметни наставници |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на училиштето

- извештаи од одделенски совети за успехот и поведението на учениците по одделенија

- споредба во тековната година на тримесечјата

- споредба со претходната  учебна година

- записници од одделенски и предметни наставници

- записници од педагошко - психолошка служба

**25. Заклучок**

Годишната програма за работа претставува краткорочен развоен документ која ги опфаќа сите активности во текот на годината и се заснова на повеќе валидни документи. Наставните планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од МОН. Наставните планови и програми ќе се реализираат во пропишаниот обем, а според визијата на училиштето да бидат со современа ефикасна и квалитетна настава во 21 век со унапредување на наставниот процес и едукација на учениците и наставниците. За оваа учебна година поради светската здравствена криза планирањата во годишната програма можат да претрпат измени според тоа како ќе се изведува наставата.

Наставните планови и програми како и годишната програма за работа на училиштето им се достани на наставниците и тие можат навреме на подготват свои тематски планирања и да ги прилагодат според можностите и способностите на учениците, вклучувајќи и изработка на ИОП за децата со посебни потреби и инклузивни во редовна настава.

Насоките дадени во годишната програма за почитување на воспоставените процедури за реализација на изборна настава како и други воннаставни активнсоти се почитуваат. Наставниот кадар е мотивиран за покренување на инивијативи и реализација на проектите со учениците, применуват разновидни форми и методи за работа со што се зголемува интересот кај учениците за постигнување поголеми резултати, развивање на разни вештини и способности.

Примарна цел при остварувањето на поставените принципи во годишната програма е да оспособуваме здрави генерации на ученици. Намерата е покрај образозната компонента, кај учениците да го поттикнеме и творечкиот креативен дух, да се развиваат вештини на кооперативност, самодоверба, развивање лична и колективна одговорност.

Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценувањето се јасно утврдени во планирањата, а наставниците ги користат тие информации за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планира следните чекори.

Наставниците разменуваат искуства и идеи на средбите на стручни активи како и во соработка со стручните соработници. Преку реализација на поставените задачи во годишната програма настојуваме да создаваме клима така што ќе се промовира взаемно почитување, помош, соработка и разбирање. Начинот на кој се реализираат поставените задачи, начинот на кој ќе се работи и ќе се пренесуват сите знаења и вештини, настојуваме да биде интересен и охрабрувачки за да можат учениците самостојно и критички да мислат, да бидат компетентни за превземање сопствени акции и иницијативи. Училиштето низ разни форми треба да потикнува и мотивира комуникација и соработка меѓу учениците и возрасните во училиштето, да градат партнерски однос. Нашата заложба е учениците заеднички да работат на различни проекти во и надвор од наставата, во групи со хетероген состав и големина.

При реализацијата на програмските подрачја од годишната програма, наставниците користат различни методи и инструменти за оценување и следење на напредокот на учениците со што

самите ученици се вклучуваат во оценувањето преку: самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолиа и слично. Самооценувањето и самопроценката настојуваме да биде дел од нашата пракса како за учениците така за наставниците и родителите. Досегашните вакви искуства се позитивни и ќе настојуваме во иднина да ги реализираме и да го унапредуваме процесот на самопроценка за сопствените залагања.

Училишниот простор е безбеден за изведување настава, инфраструктурата во училиштето во последната година доби нов убав лик, со превземените активности за оплеменувањето на холовите, влезот и други зафати, тоа претставува една здрава средина каде што се води грижа за хигиената и здравјето. Овие промени ќе продолжат и во иднина, бидејќи имаат позитивен ефект во градење на култура на однесување, влијае на зголемување на работната дисциплина. Во текот на реализација на воспитно - образовната работа во целина ќе инсистираме на професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојана поттикнувачка атмосфера во училиштето. Сите наши постигања ќе ги промовираме во пошироката општествена средина.

Реализацијата на активностите и плановите од годишната програма ќе се реализираат преку унапредување на тимската работа, меѓусебната соработка и ангажирање на раководниот орган кој има стратешка определба што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган иницира и успешно раководи со промените во образоавниот систем, идентификува и се фокусиран на јасни приоритети во развојниот план.

**26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на училиштето**

- Директор: Јадранка Поповски;

- Стручни соработници: специјален едукатор и рехабилитатор: Азра Зеќири;

- Одделенски наставници: Драгана Гавриловска Горковска, Афердита Сали и Бедрије Имери;

- Предметни наставници: Сејхан Иљази и Ана Даскалова;

- Претставник од Училишен парламент: Ивона Блажеска - претседател и Зирка Абдула - заменик претседател.

**27. Користена литература**

- Програмата за работа на училиштето од претходната учебна година (2024/2025);

- Концепција за основно образование;

- Концепција за воннаставните активности;

- Правилник за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште;

- Развојна програма на училиштето;

- Подзаконски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите правилници.);

- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од оваа учебна година, извештаи од интегрална евалвација, извештаи за финасиското работење на училиштето, записници).

- Наставните планови и програми

- Законот за основно образование

Датум и потпис на директорот на училиштето ООУ „Братство“

*Директор:* ______________________________

Потпис на Претседател на Училишен одбор на училиштето ООУ „Братство“